РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT
ОПШТИНА КРУШЕВО
KOMUNA E KRUSHEVËS
Бр. 21-76/8
24.02.2020 Год.

Архивски знак 2102
Рок на чување трајно
201__ год. Потпис
КРУШЕВО

| Податоци за органот кој го изработува планскиот документ | |
|---|---|
| Назив на планскиот документ | Локална урбанистичка планска документација за изградба на хотелско-туристичко рекреативен комплекс (постојно детско одморалиште „Шула Мина“) со придружни содржини, на КП 2202-дел, 2203, 2204, 2201-дел и 2958/1-дел, КО Крушево-вон град, Општина Крушево |
| Орган надлежен за изработка на планскиот документ | ДООЕЛ „ПЕРКАН ПРОЕКТ“ ПРИЛЕП |
| Орган надлежен за донесување на планскиот документ | Општина Крушево |

| Податоци за изработувачот на планскиот документ | |
|---|---|
| Име на лицето овластено за подготвување на планскиот документ | Горан Аризанкоски, дипл.инж.арх. |
| Назив на работното место | Планер |
| Контакт податоци за лицето | тел. 048 410 836 |

**Основни податоци за планскиот документ**

**Од што произлегува донесувањето на планскиот документ? (пр. законска обврска или друга одредба)**

Локална урбанистичка планска документација за изградба на хотелско-туристичко рекреативен комплекс (постојно детско одморалиште „Шула Мина“) со придружни содржини, на КП 2202-дел, 2203, 2204, 2201-дел и 2958/1-дел, КО Крушево-вон град, Општина Крушево, ќе се изработи врз основа на методологијата, која произлегува од одредбите утврдени со:

- Законот за просторно и урбанистичко планирање („Сл.весник на РМ“ бр.199/14, бр.44/15, бр.193/15, бр.31/16, бр.163/16, бр.64/18 и бр.168/18);
- Правилникот за поблиска содржина, форма и начин на обработка на генерален урбанистички план, детален урбанистички план, урбанистички план за село, урбанистички план вон населено место и регулациски план, формата, содржината и начинот на обрбаотка на урбанистичко-планските документации и архитектонско-урбанистичкиот проект и содржина, формата и начинонот на обработка на проектот за инфраструктура („Сл. Весник на РМ“ бр. 142/15);
- Правилникот за стандарди и нормативи за урбанистичко планирање („Сл. Весник на РМ“ бр.142/15, 217/15, 222/15, 228/15, 35/16, 99/16, 134/16, 33/17 и 86/18);

како и со почитување на друга законска регулатива што го допира планирањето и намената на просторот.

**Дали се донесува нов плански документ или се вршат измени на постојниот?**

Да

**Доколку се врши измена на постоечки плански документ наведете го називот на стариот плански документ и причините за негово изменување?**

Се донесува нов плански документ

**Дали планскиот документ опфаќа област определена со член 65 став (2) од Законот за животна средина? Доколкуодговорот е ДА наведетеја областа.**

ДА – туризам

**Дали планскиот документ е определен со Уредбата за стратегиите, плановите и програмите, вклучувајќи ги и промените на тие стратегии, планови и програми, за кои задолжително се спроведува постапка за оцена на нивното влијание врз животната средина и врз животот и здравјето на луѓето. Доколку е определен наведете ја точката и алинејата под која е определен. (пр. член 3, точка 1, алинеја 5)**

| | | | |
|---|---|---|---|
| Да √<br>Не | Член: 3 | Точка:12 | Алинеја: / |

**Дали со планскиот документ се планира реализирање на проект што е предвиден со Уредбата за определување на проектите и критериумите врз основа на кои се утврдува потребата за спроведување на постапка за оцена на влијанието врз животната средина. Доколку одговорот е позитивен наведете за каков проект станува збор.**

На ниво на план не е утврдено дали проектите влегуваат во Прилог 1 или Прилог 2, односно проекти за кои задолжително се врши оцена на влијанијата врз животната средина или се утврдува потребата од спроведување постапка за оцена на влијанието врз животната средина.

**Дали планскиот документ опфаќа користење на мала област од локално значење како што е**

| |
|---|
| **определено со член 65 став 3 од Законот за животна средина. Доколку одговорот е ДА, наведете ја површината на областа и нејзиното значење.** |
| Не |
| **Да се наведе целта на донесување на планскиот документ и да се опише клучната одлука која ќе се донесе.** |
| Кон изработката на оваа Локална урбанистичка планска документација за изградба на хотелско-туристичко рекреативен комплекс (постојно детско одморалиште „Шула Мина“) со придружни содржини, на КП 2202-дел, 2203, 2204, 2201-дел и 2958/1-дел, КО Крушево-вон град, Општина Крушево, се пристапи како резултат на стратегијата за урбанизација на просторот и потребното инвестирање во развојот на туризмот преку реконструкција на постојни и проектирање на нови туристички дестинации.<br>ЛУПД-то за овој опфат е изработена во согласност со Просторниот план на РМ, а е со површина од 0,953 ha.<br>Главна цел на планскиот документ е развој на туризмот во општина Крушево.<br>Преку инвестирањето и реализацијата на хотелски комплекс на локацијта на веќе постоечкото детско одморалиште „Шула Мина“ ќе се влијае директно на угостителските и сместувачките капацитети, а со тоа и врз туризмот во градот Крушево.<br>Согласно ова, како и незначителните емисии во животната средина кои би се јавиле како резултат на дејноста НЕ Е ПОТРЕБНО СПРОВЕДУВАЊЕ НА ПРОЦЕДУРА ЗА СТРАТЕГИСКА ОЦЕНА НА ЖИВОТНАТА СРЕДИНА за предметната ЛУПД. |
| **Предмет на планскиот документ. (пр. транспорт, планирање на просторот и сл.)** |
| Планирање на просторот |
| **Периодот за донесување на планскиот документ.** |
| Нема рок |
| **Предвидено ревидирање на планскиот документ. Доколку е предвидено ревидирање, на колку години?** |
| / |
| **Простор или област опфатени со планскиот документ. (пр. географска област, добро е да се прикачи мапа)** |
| Планскиот опфат ги опфаќа КП 2203, 2204 и делови од КП 2202, КП 2201 и КП2958/1, КО Крушево-вон град, кои се лоцирани северозападно од градот Крушево – наприближно 1,5kм од неговото централно градско подрачје.<br>Предметниот плански опфат има поголема надморска висина во однос на градот Крушево. Највисоката точка во планскиот опфат е со надморска височина од 1353,49м.<br>Планскиот опфат е поврзан со градот Крушево и со останатата патна инфраструктура преку Регионалниот пат Р2337 (стар назив-Р517) Крушево (врска со Р1306)-Пуста Река-Простраље (врска со Р1305), со кој граничи од својата североисточна страна.<br>Планскиот опфат е дефиниран на следниот начин:<br>- од североисточната страна е дефиниран по границите на КП 2204 (од каде се граничисо регионалниот пат);<br>- од источната страна границата на планскиот опфат е дефинирана делумно поисточната граница на КП 2958/1 и опфаќа дел од неа, потоа продолжува делумно по источната граница на КП 2202 и опфаќа дел од неа, а потоа продолжува делумно по североисточната страна на границата на КП 2201; |

- со својата јужна и југозападна страна, линијата на границата на планскиот опфат поминува низ КП 2201 и е дефинирана согласно просторните услови на локацијата, со што опфаќа дел од КП 2201;
- на својата северозападна страна, границата на планскиот опфат ја следи северозападната граница на КП 2204.




**Целите и/или предлог целите што треба да се постигнат со реализирањето на планскиот документ и дали истите се содржани во акт или документ.**

Да √

**Дали е приложена копија од целите?**

Не √

<table>
<tr><td colspan="2">Резиме на влијанијата врз животната средина<br>(Да се определи дали имплементацијата на планскиот документ ќе предизвика значително влијание врз животната средина, потребно е да ги пополните прашањата кои следат подолу како водич за определување на значителното влијание на ефектите врз животната средина, а кои се во согласност со Уредбата за критериумите врз основа на кои се донесуваат одлуките дали определени плански документи би можеле да имаат значително влијание врз животната средина и здравјето на луѓето.)</td></tr>
<tr><td colspan="2">Потенцијалните влијанија врз животната средина од планскиот документ можат да настанат од:<br>Несоодветното управување со генерираниот комунален отпад.</td></tr>
<tr><td>Веројатноста,времетраењето, фреквентноста и повратноста на влијанијата;</td><td>Со реализација на планскиот документ ќе се постигне рационално искористување и уредување на просторот.</td></tr>
<tr><td>Кумулативната природа на влијанијата врз животната средина и животот и здравјето на луѓето</td><td>Не се очекуваат кумулативни влијанија врз животот и здравјето на луѓето.</td></tr>
<tr><td>Прекугранична природа на влијанијата;</td><td>Нема.</td></tr>
<tr><td>Ризиците по животот и здравјето на луѓето и животната средина (пр. како резултат на несреќи);</td><td>/</td></tr>
<tr><td>Опсег и просторниот обем на влијанијата (географска област и големината на популацијата која ќе биде засегната).</td><td>Локалната урбанистичка планска документација за изградба на хотелско-туристичко рекреативен комплекс (постојно детско одморалиште „Шула Мина“) со придружни содржини, на КП 2202-дел, 2203, 2204, 2201-дел и 2958/1-дел, КО Крушево-вон град, Општина Крушево, се наоѓа на локација околу која најблиско населено место е градот Крушево. Планскиот опфат е на околу 1,5km северозападно од градот Крушево.</td></tr>
<tr><td colspan="2">Потенцијалните економски и социјални влијанија кои би ги предизвикал планскиот документ како што се:</td></tr>
<tr><td colspan="2">Позитивно влијание врз социо-економските развој на општината, отварање на нови работни места, зголемување на стапката на економски раст, стимулирање на развојот на останатите дејности, комуналните дејности, начинот на живеење и сл., зголемување на приходите на локалната самоуправа, уреденост на просторот.</td></tr>
<tr><td colspan="2">Вредноста и ранливоста на областа која ќе биде засегната со донесување на планскиот документ:</td></tr>
<tr><td colspan="2">Областа со реализација на планскиот опфат ќе добие зголемена вредност. Планскиот концепт е поставен врз основа на анализата на просторот, анализата на можностите за просторен развој и Планската програма. Планскиот концепт е во директна зависност од создадените и природните фактори, композиција, односно естетско обликување на просторот. Одржливиот развој е принципот врз кој се базира планскиот концепт.<br>Со изградбата на планираните објекти ќе се зголеми вредноста на урбаниот локалитет.<br>Подрачјето не се наоѓа во заштитен појас, ниту може да се окарактеризира како ранливо.</td></tr>
</table>

| | |
|---|---|
| **Посебни природни карактеристики или културно наследство** | Републичкиот завод за заштита на спомениците на културата, за потребите на Просторниот план на Републиката, изготви Експертен елаборат за заштита на недвижното културно наследство во кој е даден Инвентар на недвижното културно наследство од посебно значење. Според Инвентарот на недвижното културно наследство на просторот на планскиот опфат не постои регистрирано културно наследство нити добра за кои основано се претпоставува дека претставуваат културно наследство. |
| **Надминувањата на стандардите за квалитет на животната средина или граничните вредности** | Од предвидените плански содржини не се очекува надминување на стандардите за квалитет на животната средина, ниту пак на граничните вредности. |
| **Интензивна употреба на земјиштето** | Групите на класи на намени ќе бидат дефинирани со Условите за планирање на просторот, а согласно Просторниот план на Република Македонија. Истите, според Член 28 од Правилникот за стандарди и нормативи за урбанистичко планирање („Сл. Весник на РМ„ бр.142/15, 217/15, 222/15, 228/15, 35/16, бр.163/16 и бр.64/18 ) гласат: Б5– Хотелски комплекси |
| **Влијанијата врз областите или пејсажите кои имаат признат статус на национални или меѓународни заштитени подрачја.** | Согласно Студијата за заштита на природното наследство, изработена за потребите на Просторниот план на Република Македонија, на просторот кој е предмет на разработка на Локалната урбанистичка планска документација за изградба на хотелско-туристичко рекреативен комплекс (постојно детско одморалиште „Шула Мина“) со придружни содржини, на КП 2202-дел, 2203, 2204, 2201-дел и 2958/1-дел, КО Крушево-вон град, Општина Крушево, нема регистрирано ниту евидентирано природно наследство |

**Објаснете го степенот до кој планскиот документ поставува рамка за спроведување на проекти и други активности, во однос на локацијата, природата, големината и условите за работа или според одредувањето на ресурсите:**

Со ЛУПД-то се создаваат предуслови за развој на локалната економија и ефектуирање на даночната обврска на сопствениците за плаќање данок на имот што претставува значаен извор на приход на локалната самоуправа.
Овој приход, мултиплицирано ќе овозможи зголемување на фондовите на општината и развој на повеќе дејности од нивна надлежност со што ќе се овозможи посредно повисок степен на задоволување на потребите и зголемување на квалитетот на услугите кои што локалната самоуправа ги дава на своите граѓани.

**Објаснете ја околината во близина на проектот односно активноста која се планира да се спроведе со планскиот документ од аспект на можни влијанија врз животната средина. (пр. планот предвидува изградба на резиденцијални објекти во близина на индустриска зона, објаснете дали индустриската зона ќе има влијание врз животната средина на планираните резиденцијални проекти):**

Во близина на планскиот опфат нема резиденцијални објекти.

**Објаснете ја важноста на планскиот документ за вклучување на аспектот на заштита на животната средина особено во поглед на промовирањето на одржливиот развој:**
**(Да се наведе дали обемот на планскиот документ придонесува кон одржливоста и намалување на еколошките проблеми. Пр. еден инфраструктурен план може да има**

**поголеми влијанија врз животната средина отколку некој образовен план на наставните планови)**

Имплементацијата на планските содржини предвидени со планот со контролирани емисии во медиумите од животната средина ќе допринесе за развој во општина Крушево, од аспект на приходи од комунални такси и даноци, зголемено вработување и намалување на невработеноста и сл.
Но, од аспект на животната средина во оперативната фаза може да се генерираат емисии кои може да предизвикаат влијанија врз медиумите од животната средина, односно:
Воздух: зголемена фрекфенција на возила до самата локација;
Бучава: зголемено ниво на бучава од превозните средства до самата локација;
Вода: на предметната локација ќе се генерираат санитарни отпадни води;
Природно и културно наследство: во близина на предметната локација нема заштитени добра од културно и историско значење;
Отпад: генерирање на отпад;

**Кои еколошки проблеми се релевантни за планскиот документ. Опишете зошто истите се релевантни и опишете ја нивната природа и сериозност.**
**(Објаснете ги проблемите кои спроведувањето на планскиот документ може да ги предизвика или да доведе до нивно зголемување, проблемите кои може да го забават неговото спроведување, како и проблеми кои спроведувањето на планскиот документ може да ги реши или намали.)**

Неправилно управување со отпадот, неправилно постапување со отпадните води може да доведат до загадување на животната средина и здравјето на човекот. Целокупната активност во оваа област ќе се насочува кон обезбедување на непречен развој при истовремена заштита на животната средина.

**Објаснете како планскиот документ кој е предмет на разгледување е поврзан со друг/и плански документ/и во хиерархијата на планирање. Наведете го називот на тој/тие плански документ/и и наведете ги клучните влијанија на тие плански документи врз животната средина.Определете ги разликите во клучните одлуки што се носат со предметниот плански документ и другите плански документи кои биле или ќе бидат предмет на оцена.**

За предметниот опфат како показател користени се одредбите од Условите за планирање на просторот изработени од Агенцијата за планирање на просторот - Скопје, Република Македонија.
Исто така, овој план е поврзан со:

- Просторен план на РМ;
- Национален план за управување со отпад;
- Национална стратегија за економски развој на РМ 1998;
- Национална стратегија за одржлив развој;
- Втор национален еколошки акционен план на РМ;
- Стратегија за подигање на јавната свест во животната средина;
- Стратегија за мониторинг на животната средина.

**Доколку потенцијалните влијанија на клучните одлуки во планскиот документ веќе биле предмет на оцена или веќе биле разгледани во други плански документи во некоја поранешна фаза, резимирајте ги главните заклучоци на таа оцена и како тие заклучоци се користени во процесот на одлучување. Опишете дали претходно спроведената оценка е направена согласно најновите сознанија за влијанијата врз животната средина со цел да може истата да се користи во процесот на усвојување на постоечкиот плански документ.**

Потенцијалните влијанија од предметниот планскиот документ не биле предмет на разгледување или оцена во други плански документи во некоја поранешна фаза

| | |
|---|---|
| **Доколку потенцијалните влијанија од клучната одлука во овој плански документ ќе биде оценета во некоја подоцнежна фаза на планирање на пониско ниво, наведете како ќе обезбедите влијанијата што се утврдени во оваа фаза на донесување на планскиот документ да се земат во предвид при носењето на одлуката во подоцнежната фаза (пр. се спроведува стратегиска оцена на урбанистички план во кој се предвидува изграба на објект кој подлежи на постапка на оцена на влијанието врз животната средина).**<br><br>Согласно Законот за животна средина и Уредбата за определување на критериумите врз основа на кои се утврдува потребата за спроведување на постапката за оценка на влијанијата врз животната средина потребно е да се утврди потреба за спроведување на постапка за оценка на влијанието на проектот врз животната средина. Потребата од оцена на влијанијата врз животната средина ја донесува Органот на државната управа надлежен за работите од областа на животната средина. Согласно Законот за животна средина, како и Законот за заштита на природата, правните или физичките лица кој вршат дејности или активности кои не спаѓаат во проектите за кои се спроведува постапка за оцена на влијанието врз животната средина се должни да изготват Елаборат за заштита на животната средина, со цел да се оцени влијанието на дејностите или активностите врз животната средина, пред да започнат со спроведување на проектот и истиот да го достават до органот надлежен за одобрување на спроведувањето на проектот. | |
| ИЗЈАВА | Изјавуваме дека податоците дадени во овој формулар се точни, вистинити и комплетни. |
| Функција, име и презиме и потпис на лицето кој го носи планскиот документ во име на органот | Градоначалник<br>м-р Томе Христоски |
| Бр. 21-76/8<br>Датум 24.02.2020<br>Место Крушево | М.П. |